**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 34 од Привремениот деловник на Државната изборна комисија, број. 01-1089/1 од 04.07.2006 година, членот 31 став (2) точка 27 од Изборниот законик (Службен весник на Република Македонија, бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14 и 30/14) а во врска со член 17 ставовите (1), (3) и (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14 и 199/14), Државната изборна комисија на седница одржана на 09.02.2016 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА И ДЕЛОКРУГ НА РАБОТАТА НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Член 1

Во Правилникот за внатрешна организација и делокруг на работата на Стручната служба на Државната изборна комисија број 01-1533/1 од 15.10.2015 година и 01-218/1 од 26.01.2016 година, во членот 8 став 1 точка 1, зборовите „правни и“ се бришат.

По точката 2, се додава нова точка 3, која гласи:

„3. Одделение за вршење на правни работи.“

Член 2

Во членот 15 став 3, зборовите „правни и“ се бришат, сврзникот „и“ по зборот „јавноста“ се заменува со запирка а по зборот „соработка“ се додаваат зборовите „и Одделение за вршење на правни работи “.

Во истиот став, во точката 1, зборовите „правни и“ се бришат.

По точката 2, се додава нова точка 3, која гласи:

„3. Во одделението за вршење на правни работи се вршат следните работи и задачи:

- самостојно извршува најсложени задачи што бараат посебна самостојност и стручност,
- иницира и предлага ставови по начелни прашања од надлежност на Комисијата,
- дава предлози, мислења и совети на барање од претседателот, потпретседателот и членовите на комисијата и генералниот секретар,
- дава предлози и мислења за решавање на работи во делот на примени приговори и изготвување на предлог одлуки по истите,
- изготвување на жалби, тужби и други поднесоци,
- изготвување на правилници, упатства, одлуки, решенија и други акти,
- подготовка на акти, решенија, информации, анализи и други материјали за примена на одредбите од изборното законодавство,

- по овластување ќе врши увид во евиденцијата на МВР за издавање на биометриски исправи, како и во базите на податоци и евиденции на граѓани на други државни органи и институции, во постапка утврдена со законски, односно подзаконски акт и изготвува писмени известувања за извршените проверки,
- на барање на претседател, потпретседател и член на Комисијата, изготвува стручно мислење и препорака во случај кога предлог - одлуката се однесува на интереси на немнозинска заедница и се советува со членот односно членовите на Комисијата кои што имаат спротивставено мислење.
- изготвување на правилници, упатства, одлуки, решенија, други акти и останати други материјали, во и вон изборен процес, донесени од Државната изборна комисија,
- подготовка и анализа на примени приговори, жалби, тужби и претставки и подготовка на предлог одговори, изготвување стручни мислења по одредбите од Изборниот законик и подзаконските акти кои од него произлегуваат а се однесуваат на правни прашањана изборните органи и граѓаните и
- други работи што произлегуваат од функцијата на ДИК и други работи определени од ДИК".

Член 3

Во членот 30 став 1, „правни и" се бришат, сврзникот „и" по зборот „јавноста" се заменува со запирка а по зборот „соработка" се додаваат зборовите „и Одделение за вршење на правни работи".

Член 4

Останатите одредби од Правилникот за внатрешна организација и делокруг на работата на Стручната служба на Државната изборна комисија број 01-1533/1 од 15.10.2015 година и 01-218/1 од 26.01.2016 година, остануваат непроменети.

Член 5

Овој Правилник за изменување и дополнување на правилникот за внатрешна организација и делокруг на работата на Стручната служба на Државната изборна комисија влегува во сила со денот на објавувањето на огласната табла и на ВЕБ страната на Државната изборна комисија, а ќе се применува по добивањето на согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

**Број** 01-218/2
**09.02.2016 година**
**С К О П Ј Е**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александар Чичаковски**

**ПРИЛОГ 1**

**Органограм на внатрешна организација на стручната служба на Државната изборна комисија**

